Здружение на родители
РОДИТЕЛСКИ ФРОНТ
Бр. 03-1/23
25.10 20 23 год.

Архивски знак
Рок на чување ____ Потпис
____ 20 ___ година
ОПШТИНА КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (1)

| Примено: | 25.10.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03-991 | 78 | | |

**ДО**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ**

**К О Ч А Н И**

# П Р Е Д Л О Г

**Од Здружение на родители РОДИТЕЛСКИ ФРОНТ**

**Почитувани,**

Здружението на родители РОДИТЕЛСКИ ФРОНТ отпочна со собирање потписи за Петицијата „НЕ на родовата идеологија во училиштата и актите и документите во Општина Кочани“, сметано од 25.09.2023 заклучно со 15.10.2023 година, во кој период се собраа вкупно 3040 потписи на ниво на Општина Кочани.

Согласно член 26 ст.1 и 2 од Законот за локална самоуправа:
(1) Граѓаните имаат право да му предложат на советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност.
(2) Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

Согласно цитираниот член, а со оглед на фактот дека Здружението на родители РОДИТЕЛСКИ ФРОНТ ги исполнува законски предвидените услови, се стекнало со право за поднесување предлог до Советот на Општина Кочани за менување на актите и програмите во Општина Кочани и нивно усогласување со постоечкиот важечки Закон за еднакви можности на жените и мажите и исфрлање на сите родови терминолошки изрази.

Предвид наведеното, бараме Советот на Општина Кочани да донесе Одлука за промена на актите и програмите во Општина Кочани, поточно исфрлање на термините кои содржат род и нивно усогласување со Законот за еднакви можности за жените и мажите.

**Со почит,**

**Кочани, 25.10.2023 година** **РОДИТЕЛСКИ ФРОНТ**

077 561 222
Ненад Стојанов

# И З В Е Ш Т А Ј

Од одржаната седница на **Комисијата за еднакви можности на жените и мажите,** на ден 26.10.2023 година, со почеток во 16.00 часот.
На седницата присуствуваа: Претседателката на Комисијата Кристина Атанасова-Арсова, членовите на Комисијата Мирче Стојков и Ивица Лазаров и членот на Советот на општина Кочани Гоце Марков.

Од седницата отсуствуваа членовите на Комисијата: Ивана Максимова и Лидија Серафимова

Од Општинската администрација присуствуваа: Венцо Бојков - Раководител на Одделение за правни и општи работи и Љубинка Ајтовска – Кординаторка за еднакви можности на Општина Кочани.

На седницата беше предложен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Разгледување на Предлог од Здружение на родители Родителски фронт.

Претседателот на Комисијата отвори претрес по предложениот Дневен ред.
Никој не се јави за збор и истиот беше усвоен едногласно со 3 гласа „ЗА"

Точка 1
Разгледување на Предлог од Здружение на родители Родителски фронт.
Претседателката на Комисијата отвори претрес
За збор се јави Венцо Бојков кој даде кратко образложение во врска со предлогот и потоа даде збор на Кординаторката на еднакви можности на Општина Кочани – Љубинка Ајтовска која го истакна следното:

Согласно членовите 12, 14, и 14 (6) од Законот за еднакви можности на жените и мажите; Законот за локална самоуправа членови 21, 22 и 26, а со цел Советот на Општина Кочани и Градоначалникот да донесат основани и законски одлуки во врска со предлогот на Здружението Родителски фронт, Ве известуваме дека актуелните програми и акти на Општина Кочани се усогласени во целост со постојниот Закон за еднакви можности на жените и мажите.
Законскиот годишен документ на Општина Кочани е именуван со Локален акциски план за еднакви можности на мажите и жените, а Комисијата е именувана со Решение на Советот на Општина Кочани во Комисија за еднакви можности на жените и мажите.
Терминологијата употребена во Локалниот акциски план и документите призлезени од него е согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите кој е на сила.

По завршената расправа, претресот беше затворен и **Комисијата со 3 гласа „ЗА“ го усвои следниот**

**З а к л у ч о к**

1. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите му предлага на Советот на Општина Кочани да се произнесе по Иницијатива за поддршка на предлогот на Здружението Родителски фронт за исфрлање на термините кои содржат род во постојната законска регулатива.
2. Иницијативата за поддршка на предлогот на Здружението на родители Родителски фронт да се достави до органите на централната власт надлежни за донесување на законската регулатива што ја уредуваат соодветната материја: Собранието, Владата, МТСП; МОН, БРО и др.
3. По исфрлање на термините кои содржат род во постојната законска регулатива, Општина Кочани ќе може да постапува по предлогот на Здружението Родителски фронт.

Бр. 18-1873/2
26.10.2023 година
К о ч а н и

Претседател,
на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите
Кристина Атанасова – Арсова с.р

Изработка: С.Давиткова

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## во врска со Предлог од Здружение на родители Родителски фронт

I.

1. Советот на Општина Кочани дава поддршка на Иницијативата и предлогот на Здружението Родителски фронт за исфрлање на термините кои содржат род во постојната законска регулатива.
2. Здружението на родители Родителски фронт да ја достави Иницијативата за поддршка на предлогот до органите на централната власт надлежни за донесување на законската регулатива што ја уредува соодветната материја: Собранието, Владата, МТСП; МОН, БРО и др.
3. По исфрлање на термините кои содржат род во постојната законска регулатива, Општина Кочани ќе може да постапува по предлогот на Здружението Родителски фронт.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1917/1
30.10.2023 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев